НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ОБВРСКИ НА ОВЛАСТЕНИТЕ МЕНУВАЧИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ И ЗАКОНОТ ЗА СППФТ

**16.10.2025 година**

Сектор за супервизија

Дирекција за теренска супервизија

# Содржина

- ✓ Примена на прописите за девизното работење
- ✓ Примена на прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам
- ✓ Примена на Законот за рестриктивни мерки

ЦЕЛ, да се обезбеди континуирана обука на овластените менувачи и зголемување на почитување на работењето на овие субјекти согласно прописите, како и нивниот придонес во намалувањето на неформалната економија

# ЗАКОН ЗА ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ

**Член 36-а**

Народната банка на Република Северна Македонија му ја укинува дозволата за вршење на менувачки работи на резидентот кој од Народната банка на Република Северна Македонија има добиено дозвола за вршење на менувачки работи, ако утврди дека:

1) дозволата ја прибавил врз основа на невистинити податоци;

2) повеќе не ги исполнува условите за вршење на менувачки работи;

**3) во последните три надзори менувачките работи ги извршува спротивно на прописите донесени врз основа на овој закон и/или ги повторува неправилностите утврдени при претходниот надзор;**

4) го оневозможува извршувањето на надзор од страна на Народната банка на Република Северна Македонија и

5) подолго од 30 дена неоправдано не извршува менувачки работи и до Народната банка на Република Северна Македонија не доставил соодветен доказ за привремена спреченост за вршење менувачки работи согласно Одлуката за менувачките работи.

# ЗАКОН ЗА ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ

- Обврски и документација во согласност со одредбите од точка 17 став 1 од Одлуката за менувачки работи и точка 5, 6 и 7 од Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи

# ЗАКОН ЗА СППФТ

- Пракса на евидентирање на структурирани (расцепкани) исти износи на трансакции под 500 евра во краток временски интервал со цел избегнување на нивно евидентирање во нумерираниот регистар и идентификување на лицата кои ја вршат трансакцијата
- Ваквата пракса ќе се третира како неусогласеност по Законот за СППФТ (отсуство на идентификација на клиентите)
- Со полугодишен и годишен извештај се доставува информација до УФР за овие наоди

# ЗАКОН ЗА СППФТ

**Член 53**

- (1) Субјектите кои имаат дозвола за менувачко работење, покрај мерките утврдени во членот 15 од овој закон, се должни да го утврдат идентитетот на клиентот согласно со членот 17 од овој закон, пред секоја трансакција која вклучува сума поголема од 500 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.
- (2) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни податоците за клиентот да ги забележуваат по хронолошки редослед во нумериран регистар потпишан од овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот дадено од раководно лице согласно со интерните акти на субјектите.

Треба да се напомене дека регистарот треба да се потпише од страна на одговорното лице кај овластениот менувач секој месец, без разлика дали има или нема трансакции над 500 евра.

# Идентификација на клиент

- Идентификација на клиент-копија од лична карта/пасош) член 17 од Законот-пред секоја трансакција која вклучува сума поголема од 500 евра во денарска противвредност според средниот курс (ПРЕКРШОК - не утврди идентитет на клиент согласно со членот 53 а во врска со член 17 од овој Закон)
- Утврдување на фреквенција на извршување трансакции-деловен однос, кратка белешка/анализа на клиент

- ИМАЊЕ НА ПРОГРАМА за намалување и управување на ризикот од ППФТ (во членот 12 од Законот се предвидува кои елементи истата треба да ги содржи)

- лична обврска за субјектите
- да се предвидат обврските од Законот за СППФТ за овластените менувачи
- ажурирање на Програмата.

# Засилена анализа

ЗАСИЛЕНА АНАЛИЗА

- Носители на јавни функции
- Нерезиденти
- Клиенти со повисоко ниво на ризик од СППФТ (клиенти од високоризични земји)




- Пријавување на готовинска трансакција над 15.000 евра во денарска противвредност
- Пријавувањето на сомнителните трансакции за перење пари и/или финансирање на тероризам во смисла на членот 55 од ЗСППФТ.
- Листа на индикатори за препознавање на сомнителни трансакции

НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ ДО УФР (електронски/писмено)

# Законот за рестриктивни мерки

## Примена на рестриктивни мерки

- пристап до базата на УФР (Рестриктивна веб платформа наменета за субјектите)

- ✓ Обврска за регистрација на секој овластен менувач (членот 57 од ЗСППФТ),
- ✓ зголемување на соработката помеѓу Управата и субјектите кои имаат обврска да го применуваат ЗСППФТ и Законот за рестриктивни мерки,
- ✓ Платформата нуди пристап до: Консолидирана листа (ги вклучува рестриктивните мерки воведени од страна на Обединетите Нации и ЕУ), Типологии и индикатори наменети за субјекти, Документи (инклузивна платформа за безбедна комуникација со субјектите и Управата) и Листа на ризични држави (објавени од страна на ФАТФ и ЕУ).

## Што се финансиски мерки

- „Финансиските мерки" во смисла на член 5 од Законот за рестриктивни мерки се дефинирани како **„забрана за конверзија или друг вид на располагање со имот**, забрана на ставање на располагање на било каков имот, директно или индиректно, како и забрана за воспоставување или продолжување на деловен однос



# Корисни линкови

- Министерот за финансии на предлог на директорот на Управата **ја пропишува формата** на нумерираниот регистар каде се евидентираат податоците за клиентот по хронолошки редослед, а нумериран регистар е секогаш потпишан од овластеното лице. Регистерот се чува 10 години од последниот заведен податок https://ufr.gov.mk/wp-content/uploads/2025/07/%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B8.pdf
- Листа на индикатори за препознавање на сомнителни трансакции https://ufr.gov.mk/?page_id=206
- Типологии за перење пари и финансирање на тероризам https://ufr.gov.mk/?page_id=208
- Согласно член 13 став (2) од Законот за рестриктивни мерки, се припишува дека финансиските мерки ги спроведуваат субјектите, па оттука сите субјекти се упатуваат во целост да го имаат и предвид **Упатството за постапување по финансиски рестриктивни мерки против тероризам и пролиферација, достапно на следниот** https://ufr.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/URM.pdf

# БЛАГОДАРИМЕ НА ВНИМАНИЕТО

Прашања?

